# Media Release

## Нови гласови се приклучија на Советодавниот одбор на Multicultural NSW

Вторник, 11 јуни 2024

Multicultural NSW им пожела добредојдовте на два нови гласа во Советодавниот одбор на Multicultural NSW и реизбра два сегашни члена.

Сајмон Чан и Соња Ганди се повторно избрани во Советодавниот одбор, заедно со новите членови Елфа Мораитакис и Џенис Родригес, која ќе се приклучи како младински член.

Г-дин Чан е претседател на Кинеско-австралискиот форум и донеодамнешен претседател на Трговската комора на Хајмаркет, и е вклучен во многубројни уметнички и организации на заедницата.

Г-ѓа Ганди е основач на успешна фирма за маркетинг и настани, ангажирана со мултикултурни и групи од Првите нации.

Г-ѓа Мораитакис е CEO на SydWest Multicultural Services, водечка организација за прашања на културна разноличност, ангажирана во задоволување на потребите и можностите на заедницата во Западен Сиднеј и во делови од Внатрешен Запад.

Г-ѓа Родригес е младински раководител во водечка непрофитна организација која работи со новодојдените млади бегалци и доселеници.

Под претседателство на Ник Калдас APM, Советодавниот одбор на Multicultural NSW дава совети и упатства за низа прашања во врска со културно и јазично разноличните заедници.

**Претседателот на Советодавниот одбор на Multicultural NSW, Ник Калдас изјави:**

„Ние се стремиме да обезбедиме погледите и проблемите на сите луѓе ширум Нов Јужен Велс да бидат слушнати во владините процеси на одлучување. Поголема застапеност значи поголема разноличност и тоа го прави Нов Јужен Велс толку успешна мултикултурна држава.“

**Главниот извршен менаџер на Multicultural NSW, Џозеф Ла Поста изјави:**

„Овие нови и реизбрани членови на Советодавниот одбор и младинскиот член ќе ги засилат гласовите на разноличните заедници ширум владата. Посветеноста кон нивните заедници ќе биде неизмерно корисна во обезбедувањето идните генерации да уживаат во богатото општествено ткиво на нашата голема држава.“

“Благодарам на вас, 250-те луѓе од сите делови на Нов Јужен Велс, кои изразивте интересирање да се вклучите во Советодавниот одбор на Multicultural NSW.“

За повеќе информации посетете ја веб-страницата на Multicultural NSW: https://multicultural.nsw.gov.au/teams/advisory-board-members/

---

МЕДИУМИ: Kerri-Ann Hobbs, менаџер за медиуми и комуникации, 0439 086 356